# ИНТЕРНЕТ ПОРНОГРАФИЈА: "ДРЕСУРА" НА ИНТЕРНЕТ

Дали американскиот Конгрес ќе најде начин да ги заштити граѓанските права додека го зауздува мрежниот цин? Сега засега не. Порнографија во електронското пространство? Секако ја има, но не во хард-кор форма како што многу луѓе мислат. Меѓутоа, она што може да се најде доколку порнографијата се побара, е доволно да ги наведе грижливите родители двапати да се помислат пред да ги пуштат своите деца слободно да скитаат низ Интернет. Се чини дека од истата причина во американскиот Конгрес е покренат предлог-закон со кој се предвидуваат парични казни до 100 000 долари и до две години затвор за секој оној што намерно ги изложува децата на "непристојности" од on-line. На прв поглед, овој предлог-закон изгледа сосема оправдан и разумен.

Но, еден подобар поглед врз оваа мерка-која не наиде на одобрување од соодветната комисија што заседаваше во средината на декември и се трудеше набрзина да го помине предлог-законот за големата реформа во телекомуникациите пред да настапат божиќните празници-наведува на заклучокот дека таа самата може да биде поголем проблем од проблемот за кој е предложена. На прво место, оваа мерка сосема малку надира во регулацијата на порнографските материјали кои најмногу ја разбрануваа јавноста (слики на бестијалност, педофилија и слично). Ваквиот материјал изрично е забранет со владини прописи кои се однесуваат на непристојност и детска порнографија. Одделот за правда јасно става до знаење дека веќе располага со потребната регулатива за забрана на детска порнографија на големата Мрежа.

Она што е ново во предлогот е идејата on-line преносот на зборови и слики, кои би паднале на тестот за пристојност (изработен од Врховниот суд на САД) да се прогласи за казниво дело (текстови и слики би паднале на тој тест поради недостаток на литературна вредност, повреда на општествените стандарди итн. или поради навредливост кон одреден корисник или група корисници на on-line серѓисот).

Клучниот збор е "непристојност". Слободата на говорот, па и непристојниот, е гарантирана со првиот амандман од уставот на САД. Правото на Американците да говорат и пишуваат она што го мислат се има потврдено




низ долга серија на поротнички решенија. Кога се во прашање радиото и ТВ, судовите решија дека постојат форми на изразување кои делумно или целосно, не се за прикажување во одредени делови од денот. Истите судови сеуште немаат решено каде спаѓа Интернет: дали во печатот, кој е заштитен од владина цензура, или спаѓа во медиум за пренос, како телевизијата, која е контролирана од FCC ( сојузна комисија за комуникации - Federal Communications Commition). Грижливите конгресмени предводени од вашингтонскиот републиканец Rick White, решија да го разјаснат овој проблем. Компромисот кој го предлага White би ги тргнал шепите на FCC од Интернет; исто така би го заменил проблематичниот израз "непристојност" со фразата "штетно за малолетници", многу потесно дефиниран стандард кој ги држи списанијата како Penthouse безбедно спакувани во соодветни продавници.

Се чинеше дека оваа разумна алтернатива ќе биде усвоена. Но, конзервативното крило предводено од Христијанската коалиција силно се заложи за уште построги мерки, така да, на четириесет минутната затворена средба учесниците гласаа 17 спрема 16 гласа за враќањето на изразот "непристојност".

Ваквиот исход не мора да значи и полноважност. Претседателот Клинтон веќе најави вето на овој предлог-закон заради други причини. Американската унија за граѓански права предупредува на сериозните предизвици доколку овој предлог стане закон, а и експертите предвидуваат дека Врховниот суд ќе го прогласи таквиот закон за неуставен. Конгресмените кои јавно се заложија против непристојноста на on-line, можеби знаеја дека овој предлог не би го минал судскиот тест. Сепак, тие ја имаа шансата (пред еден месец) да ја покажат подготвеноста за одбрана на граѓанските права кај новиот медиум, и во тоа не успеаа.

*Time International,*
*превод: Ѓорѓи Варелов*

E.O.T.